Subscribe | Past Issues | View this email in your browser | Translate | RSS




***Продолжуваме вклучувајки ги сите!***

Почитувани соработници и пријатели, оваа невообичаена 2020 година полека ја завршуваме физички дистанцирани, внимателно заштитени но дигитално поврзани, поддржувајќи ги и најмалите и најранливите побезболно да се прилагодат на една нова реалност.

Климатските промени, загадувањето кое нè опкружува, неприфаќањето на оние кои се поинакви од нас сеуште се дел од нашето секојдневие.

До сите кои не следите, од љубопитност или едноставно со желба да дознаете повеќе за нашата работа Ви посакуваме добро здравје и Ве покануваме во Новата 2021 година да соработуваме, заедно да градиме просперитетно и еколошки одржливо општество кое искрено и безрезервно ги прифаќа сите

Прочитајте го најновиот број на нашиот Е-билтен и придружете ни се во креирањето на нови, корисни активности за одржлив и инклузивен развој .

**По повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост на 3ти и 4ти декември се одржа онлајн дводневен настан - тркалезна маса насловена „Трансформирање на општеството: Заедница за сите“ каде беа презентирани грантовите за поддршка на деинституционализација во РСМ**





По повод Трети декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост, на 3 и 4 декември се одржа онлајн дводневен настан - тркалезна маса насловена „Трансформирање на општеството: Заедница за сите“. На настанот, воведни обраќања за потребите, постигнувањата и предизвиците поврзани со зајакнување на лицата со попреченост и нивната улога во општеството имаа Зоран Заев, премиер на Република Северна Македонија, Томица Стојановски, претседател на Националниот совет на инвалидските организации, Јагода Шахпаска, министерка за труд и социјална политика, Мила Царовска, министерка за образование и наука, Венко Филипче, министер за здравство, Дејвид Гир, Шеф на Делегацијата на Европската Унија и Росана Дуџиак, Постојан претставник на ОН во Северна Македонија. Панел дискусијата во вториот дел од настанот ги опфати реформите во системот за социјалната заштита и процесот на деинституционализација, преку личните сведоштва и искуства на говорниците - лице со попреченост кое го поминало процесот на деинституционализација и живее со поддршка, родители на лица со попреченост, соседи на мали групни домови, вработени и стручни лица кои работат во мал групен дом и провајдери на услугата - живеење со поддршка.

На вториот ден од настанот, беа презентирани трите проеки поддржани од ЕУ грантовата шема за поддршка на деинституционализацијата во земјата, меѓу кои и проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР“, како и проектот на техничка асистенција кон Министерството за труд и социјална политика. Улогата на локалната самоуправа и на граѓанските организации во давањето социјални услуги во заедницата беше опфатена тематика на настанот, а дискусијата се водеше во рамки на потребите на лицата со попреченост во Специјалниот Завод Демир Капија, идни препораки и цели кои треба да се постигнат со имплементацијата на проектите.

Проектот "ТИМОР" е финансиран од ЕУ IPA II 2017, Акциона програма на ЕУ за поддршка на образование, вработување и поддршка на социјална политика во процесот на деинституционализација во социјалниот сектор.

## Одржани низа обуки за зајакнување на вештини за услуги за поддржано живеење во заедницата
### *Проект „Заедно за повеќе можности и поддршка” – ТИМОР*

Во рамки на проектот "ТИМОР" во периодот септември - ноември 2020 година беа организирани 4 тренинг сесии со физичко присуство и 1 онлајн тренинг сесија со цел едукација на лица за зајакнување на вештини за услуги за поддржано живеење во заедницата. На обуките учествуваа слушатели од профилите негователи, стручни работници, професори од средни училишта и ученици од стручни медицински смерови.



Обуките беа креирани во согласност со содржината на изработениот „Водич за зајакнување на вештини за услуги за поддржано живеење во заедницата" од страна на стручните консултанти - дипломиран специјален едукатор и рехабилитатор Билјана Стерјадовска Стојчевска и дипломиран специјален едукатор и рехабилитатор Даниела Саздова, кои воедно беа и предавачи на обуките.
На тренинзите беа опфатени теми за организација на работно место и документација на работата, здравствена заштита на корисникот на услугата живеење со поддршка, современи пристапи во давањето поддршка на корисникот на услугата живеење со поддршка, поддршка на корисникот во обавување на секојдневните активности, поддршка на корисникот во грижа за домот и околината, поддршка за вклучување во заедницата и

користење на услуги во заедницата и самозастапување. Презентациите изобилуваа со практични примери за спроведување на конкретни активности со корисниците на услугата поддржано живеење. При реализација на обуката беа користени и интерактивни вежби кои имаа за цел да ги сензибилизираат учесниците за одредени аспекти од животот на лицата со попреченост и на практичен начин да ја разберат теоретската позадина на услугата живеење со поддршка. На сите учесници на тренинзите им беа доделени Сертификати за присуство.



*Фотографии од одржаните тренинг сесии во Демир Капија и Скопје*

---

**Успешно спроведена Програма за обука за услужување на туристите како активност од проектот „Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри - FRET-STIC“ за учесници во проектот од Македонија и Косово**

Проектот „Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри/FRET-STIC“ за развој и промоција на локалниот и регионалниот туризам во Македонија и Косово, преку иновативни пристапи и системи за подобрување на руралното и еколошкото искуство својата цел ја постигнува преку креирање на стратешки алатки кои ќе овозможат подобро разбирање на барањата на посетителите, истовремено служејќи како механизми за зајакната меѓурегионална соработка помеѓу различни аспекти на индустријата, владините институции, бизнис секторот и граѓанските организации што ќе резултира со зголемување на туристичкиот потенцијал, прилагоден на потребите на целните групи. Дополнително, проектот има за цел создавање на поволно опкружување за стратешки дофат и придобивка не само од националните и регионалните пазари, туку и од новите меѓународни пазари во туристичката индустрија.

Како дел од активностите на овој проект, од 26.10.2020 до 30.10.2020, се реализираше вториот дел од обуката преку ZOOM платформата, наменета за учесниците кои ќе ги користат креираните алатки.
Програмата и распоредот за обука се дизајнирани од ангажираниот деловен аналитичар за уесниците - од секоја страна на границата – како продолжување на претходната обука „Обука за психологија на потрошувачите и маркетинг на социјални медиуми“.

Партнери во проектот се:

- Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој – ЦеПроСАРД како организација лидер;
- Општина Тетово
- Regional Development Agency South, Косово

Донатор: Европска Унија






---

**Референтни технологии за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија со проценка на енергетската потрошувачка на болниците и работилница на тема "Болници со енергија близу нула"**

ЦеПроСАРД веќе трета година го спроведува проектот Болници на Балканот со енергија близу нула – ЗенХ. Во последниот кватал на годината во рамки на проектот Болници со енергија блиску до нула се изработи “Студија за референтни технологии за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија", како и "Проценка на

енергетската потрошувачка на болниците според модуларните прототипови на згради". Резултатите од студијата може да бидат применливи и за други згради со слични карактеристики или да се користат при дизајнирање на нови болници и истите ќе бидат дадени на располагање на соодветните институции. Главната цел е да се придонесе кон подобрување на енергетската ефикасност на градежниот сектор, и конкретно кон енергетската ефикасност на болничките згради кои се едни од најкомплексните.




*Дел од презентираните згради со енергија блузу нула*

На 18.12.2020 во рамките на проектот се одржа последна работилница на тема "Болници со енергија близу нула, на која беа детално презентирани можностите за управување со енергија во болниците, примена на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија при реконструкција на болниците и резултатите од спордбените анализи на зградите со енергетска пшотрошувачка блиску до нула. На работилницата беше презентирана и тнр LCCA (Life-Cycle Cost Analysis) методологија која се користи за економска проценка на интервенциите на згради во јавните набавки на земјите од ЕУ.




Врз основа на наодите од анализите направени во рамки на проектот и енергетските конторли на болниците ќе биде изготвен прирачник и препораки за примена на различни технологии кои треба да ја подобрат енергетската ефикасност на болниците за да бидат болници со енергетска потрошувачка близу до нула.

Донатор на проектот е ИНТЕРРЕГ Балкан-Медитеран 2014-2020 Европски фонд за регионален развој.

## Усовршување на знаењето и вештините на тимот на ЗГ ЦеПроСАРД

Тимот на ЗГ ЦеПроСАРД континуирано работи на зајакнување на капацитетите на тимот. Во периодот од септември до декември 2020 година, наши претставници присуствуваа на следните обуки и информативни сесии:

1. Обука *Зајакнување на капацитетите на претставниците на граѓанските организации за Законската регулатива за животна средина во РСМ и учеството на јавноста во донесување на одлуки* - организирана од страна на Здружението за одржлив развој „Милиеуконтакт Македонија", во соработка со Здружението на инженери за животна средина „Развојна Програма", во рамки на проектот „Градење на капацитетите на граѓанските организации за животна средина за зголемување на демократските процеси во Македонија". На обуката беше направен преглед на законодавството во областа на животната средина, со акцент на застапеноста на принципите на Архуската Конвенција во него, но исто така беше даден осврт и на

финансиските импликации од законодавство за животна средина;
2. Обука за „*Тематско вмрежување, градење партнерства и коалиции*“ - организирана од Македонски центар за меѓународна соработка во рамки на програмата Граѓански ресурсен центар;
3. Онлајн обука за истражување и застапување засновано врз докази, организирана од EU TASCO 3

## Соработка со бизнис секторот

Како консултант од областа на животната средина започнавме со изработка на документ за добивање на Интегрирана Еколошка дозвола „Б” за потребите на Арадико Коп ДООЕЛ увоз-извоз с. Р`жаничино Петровец. Консултантските услуги кои се спроведуваат во текот на проектот поделени се во две фази и тоа - прва фаза каде се врши проценка на постоечка состојба и втора фаза каде се подготвува Интегрирано Спречување и Контрола на Загадувањето (ИСКЗ) со проценка и мерења на емисии на загадување. Во текот на оваа фаза консултантите користат сопствена мерна опрема со цел да ги обработат сите влезни податоци и да изготват студии и елаборати (поставување на проектот, вршење на калкулации и предлог мерки) во сопствените простории за работа.

Резултат од проектот е изготвената Проценка на животната средина и подготвување на примена за “Б“ дозвола за Интегрирано Спречување и Контрола на Загадувањето (ИСКЗ). Документот се изработува на барање на инсталацијата Арадико.



*Фотографии од тереснка посета*

*Copyright © 2020 CeProSARD, All rights reserved.*

**Our mailing address is:**
info@ceprosard.org.mk

Want to change how you receive these emails?
You can update your preferences or unsubscribe from this list.

This email was sent to <<Email Address>>
*why did I get this?* unsubscribe from this list update subscription preferences
CeProSARD · Str 1550 nr 8a · Skopje 1000 · Macedonia

mailchimp